

***АДВОКАТ***
***ЖАРКО СТЕВАНОСКИ***
***Лиценца бр.3207***
***Булевар Маршал Тито бр.35-Прилеп***
***e-mail: adv.zarestevanoski@yahoo.com, диг.потпис: sha256RSA, CRT3570821***
***ж-ска:300020000515202 Комерцијална Банка АД Скопје***
***ЕДБ МК 5021012503372***
***моб.075-794-972; раб.048-551380.***

**<u>И Т Н О</u>**

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ПС-ОН ПРИЛЕП
П Р И Л Е П

ПРЕДМЕТ: Укажување/известување.

ОД: Жителите на с.Ореовец, с.Плетвар и с.Крстец.

Почитувани,

в.в. со најавените протести на жителите на с.Ореовец, с.Плетвар и с.Крстец кои се одржуваат на влезот за с.Ореовец од регионалниот пат Градско-Прилеп денес на ден 25.07.2024 година од страна на Командирот на ПС ОН Прилеп на лице место бевме известени дека врз основа на поднесено барање на ЈПДП била издадена наредба протестите на жителите на овие населени места да бидат насилно прекинати и на стратешкиот партнер Бехтел и Енка да им биде овозможено непречено да продолжат со работа на ископот во јама 6 во непосредна близина на с.Ореовец.

Во смисла на погоре наведеното, должни сме да Ви укажеме дека така издадената наредба од страна на Министерството за внатрешни работи е незаконита а со тоа и нејзиното извршување од страна на потчинетиот претставува кривично дело во смисла на одредбите од чл.28-а од КЗ в.в. со чл.353 ст.1 од КЗ на РМ, поради следните причини:

Протестите кои се одржуваат од страна на жителите на населените места с.Ореовец, с.Плетвар и с.Крстец на влезот за с.Ореовец од регионалниот пат Градско-Прилеп се уредно најавени со писмено известување во МВР-ПС ОН Прилеп и во таа смисла запазени се сите законски претпоставки за нивно непречено одржување согласно Законот за јавните собири и во таа смисла Министерството за внатрешни работи нема законски основи истите да ги прекине.

Согласно чл.6 од Законот за јавните собири „ Министерството за внатрешни работи ќе го прекине одржувањето на јавен собир во случаите кога истиот е насочен кон: загрозување на животот, здравјето, безбедноста, личната сигурност и имотот на граѓаните, вршење или поттикнување на вршење кривични дела утврдени со закон и загрозување на животната средина. Министерството за внатрешни работи ќе го прекине одржувањето на јавниот собир во случај кога неговото одржување е во спротивност со меѓународните договори со кои е предвиедна обврска за непречено одвивање на сообраќајот.„

Примил,
25-07-24

Согласно чл.21 од Уставот на РСМ „ Граѓаните имаат право мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест без претходно пријавување и без посебна дозвола. Користењето на ова право може да биде ограничено само во услови на воена и вонредна состојба.„.

Согласно погоре цитираните законски и уставни одредби, намерата на МВР насилно да ги прекине протестите е незаконита и противуставна и на таков начин МВР на инвеститорот ЈПДП и стратешкиот партнер Бехтел и Енка ќе им овозможи извршување на кривични дела против животната средина и природата и тоа кривично дело „Загадување на животната средина и природата„ од чл.218 од КЗ, кривично дело „ Незаконита експлоатација на минерални суровини„ од чл.225-а од КЗ и кривично дело „ Убивање или уништување на заштитени видови на дива флора или фауна„ од чл.232-а од КЗ и др.кривични против службената службената должност особено поради следното:

Во постапката пред Основен суд Прилеп е изготвен Вештачење од областа на хидрогеологијата на в.л Д-р Костадин Јованов дилп.хидрогеолог кој на еден јасен и недвосмислен начин укажува дека мермеризираните варовници непосредно и во непосредната близина на каменоломот се единствени водоносни средини и дека рударските активности влијаат и ќе имаат влијание на измена на режимот на подземните води и со оглед на тоа дава негативно мислење дека треба да се врши ископ на мермеризиран варовник во спорната локација од јама 6 во с.Ореовец а дека неминовното користење на експлозив и самото минирање е закана на загрозување на подземните води (заматување, промена на нивните правци на движење и крајно нивно секнување). Воедно во тек е изготвувањето на и на вештачења од страна на вешти лица од областа на животната средина и природата, рударството и градежништвото преку кои е потврдено загадување и загрозување на животната средина и природата, дека не се исполнети законските услови за вршење на рударски активности во јама 6 и дека е загрозена сигурноста и животот на жителите на с.Ореовец поради рударските активностиво јама 6 во с.Ореовец. Ваквото постапување од страна на ЈПДП и Бехтел и Енка е спротивно на Националната Стратегија за заштита на природата (2017-2027) донесена од Владата на РСМ затоа што со оваа стратегија, превојот Плетвар- прилепско, е во првите десет најважни центри на националниот ендемизам, особено по ендемичните растителни видови кој се појавуваат поради специфичните почви и минерали кои се наоѓаат на подрачјето како што е флористичкиот ендемит Potentilla pletvarensis кој вирее само на Плетвар, Centaurea grbavacensis, Helianthemum marmoreum . Типичен пример за еден таков ендемски вид е пеперутката Чингова окатка (Pseudochazara cingovskii), ендемски вид која според досегашните објавени истражувања се среќава само во околината на Плетвар.

Токму поради вршените минирања пробиен е еден од изворите со кои се снабдува с.Ореовец со питка вода а поради тоа и од страна на ЈКП Водовод и канализација се вршени преку 30 интервенции за проблеми поврзани со водоснабдувањето кои сеуште траат и сеуште не се отстранети за што ЈКП Водовод и канализација Прилеп поседува соодветни информации и до ова јавно ретпријатие е доставено и погоре наведеното вештачење заради превземање на понатамошни мерки за непречено стопанисување со водата во с.Ореовец.

ПРИЛОГ: Вештачење од областа на хидрогеологијата на в.л Д-р Костадин Јованов дилп.хидрогеолог.

Согласно чл.9 ст.1 од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот коридор 8 (делница:Тетово-Гостивар-Букојчани и проектот за автопатот Требеништа-Струга-Струга-Ќафасан) и коридорот 10 (делница на автопатот Прилеп-Битола) во РСМ објавен во Сл.Весник на РСМ

бр.163 од 16.07.2021 година „Стратешкиот партнер има обврска да ги добие сите релевантни локални лиценци неопходни за извршување на проектантските и градежни работи и за обезбедување на услугите, секоја по потреба, освен ако со овој закон не е поинаку уредено.„. Согласно чл.10 ст.1, ст.2 и ст.4 од истиот закон „Инвеститорот ќе аплицира и ќе ги прибави сите потребни лиценци, одобренија и концесии за истражување и експлоатација на минерални суровини неопходни за изградба на државни патишта во согласност со важечките закони. Согласно со природата на Проектот, Инвеститорот може да ги добие сите потребни лиценци, одобренија и концесии за истражување и експлоатација на минерални суровини неопходни за изградба на државни патишта во итна постапка без да обезбеди одобрение за градба. Додека се користат експроприраните јами и каменоломи за целите на Проектот, Инвеститорот и Стратешкиот партнер ќе ги почитуваат сите применливи регулативи за минерални суровини, со исклучок на тоа дека на Стратешкиот партнер ќе му биде дозволено да започне со истражување и експлоатација на минерални суровини за целите на Проектот штом барањето за доделување на концесија за истражување и експлоатација е поднесено од страна на Инвеститорот..„.

На ден 31.05.2024 година од страна на Општинскиот инспектор за животна средина е извршен вонреден инспекциски надзор над БЕХТЕЛ ЕНКА УК2 ЛИМИТЕД Обединето кралство – Подружница во Северна Македонија Скопје, за што е изготвен Записник за извршен вонреден инспекциски надзор бр.ИП1 бр.28-76 од 31.05.2024 година и донесено е Решение ИП1 бр.28-76 од 07.06.2024 година со кое на тратешкиот партнер му е наложено да обезбеди Б-интегрирана еколошка дозвола за ископ на наведената локација и истото е обжалено од страна на стратешкиот партнер пред второстепен орган. Воедно, овозможувањето на работната механизација на Бехтел и Енка да поминува низ локалниот пат за с.Ореовец е спротивно на чл.55 ст.2 алинеја 7 од Законот за минерални суровини каде јасно е предвидено дека задолжително треба да се поседува сообраќајна согласност за приклучок за јавен пат кое нешто отсуствува кај стратешкиот партнер Бехтел и Енка.

**Врз основа на погоре наведеното ова укажување воедно да претставува и пријава против стратешкиот партнер Бехтел и Енка за управување и користење на локалниот пат од влезот од регионалниот пат Градско-Прилеп кон с.Оревоец без сообраќајна согласност за приклучок за јавниот пат Градско Прилеп и за таа цел МВР ПС ОН Прилеп да превземе службени дејствија за да го спречи користењето на локалниот пат за с.Ореовец за движење на работната механизација на Бехтел и Енка спротивно на чл.55 ст.2 алинеја 7 од Законот за минерални суровини.**

Во смисла на сето погоре наведено, од МВР бараме да бидеме известени врз основа на кои законски или уставни претпоставки има намера да изврши наредба за насилно прекинување на најавените протести, а воедно како надлежен орган да превземе дејствија заради спречување на незаконитото постапување на Бехтел и Енка во реализација на проектот на овој потег.

**25.07.2024 год.**
**Прилеп**

**За подносителите-полномошник**
**Адвокат ЖАРКО СТЕВАНОСКИ од Прилеп**

АДВОКАТ
ЖАРКО СТЕВАНОСКИ
ЛИЦЕНЦА БР.267
БИЗНИС ЦЕНТАР ... ПРИЛЕП
075/79 49 72